# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

30 Јануари 2013
Скопје
Број 1, година VIII
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Јануари 2013 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување на Информација
за криминалитетот и другите недозволени однесувања
на подрачјето на Полициска станица од општа надлежност
,,Драчево,, во 2012 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за криминалитетот и другите недозволени однесувања на подрачјето на Полициска станица од општа надлежност ,,Драчево,, во 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

**Број 08-774/1**
**31.01.2013 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Марјан Ѓорчев с.р.**

Врз основа на член 36 точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), расправајќи по Информацијата за криминалитетот и другите недозволени однесувања на подрачјето на Полициска станица од општа надлежност ,,Драчево,, во 2012 година, Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и четвртата пленарна седница одржана на 30.01.2013 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за криминалитетот и другите недозволени однесувања на подрачјето на Полициска станица од општа надлежност ,,Драчево,, во 2012 година.

2. Заклучокот да се достави до Полициска станица од општа надлежност ,,Драчево,, Скопје, односно до МВР на Република Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

**Број 07-543/1**
**30 јануари 2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Звонко Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кисела Вода со рамковен револвинг кредит за реконструкција на стари и изградба на нови улици и тротоари како и подобрување на уличното осветлување

1.Се објавува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Кисела Вода со рамковен револвинг кредит за реконструкција на стари и изградба на нови улици и тротоари како и подобрување на уличното осветлување, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

**Број 08-774/2**
**31.01.2013 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Марјан Ѓорчев с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр 5/02) и член 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ" 62/05 и 88/08) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Педесет и четвртата пленарна седница одржана на 30.01.2013 година, донесе

О Д Л У К А

за долгорочно домашно задолжување на Општина Кисела Вода со рамковен револвинг кредит за реконструкција на стари и изградба на нови улици и тротоари, како и подобрување на уличното осветлување

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за долгорочно домашно задолжување на Општина Кисела Вода со рамковен револвинг кредит.

**Член 2**

Задолжувањето е со цел да се направи реконструкција на стари и изградба на нови улици и тротоари, како и подобрување на уличното осветлување на територијата на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Се одобрува долгорочно домашно задолжување на Општина Кисела Вода, во вкупен износ од МКД 50.000.000,оо (педесет милиони денари), под следните услови:

- каматна стапка: најмногу до 9%;
- начин на плаќање: од сопствени средства;
- рок на отплата: до 31.12.2015 година.

**Член 4**

Како обезбедување на задолжувањето со рамковен револвинг кредит да се потпише меница од страна на градоначалникот на Општина Кисела Вода согласно процедурите и актите на Банката,

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

**Број 07-543/2**
**30 јануари 2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Звонко Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за трансфер на средства
на ЈКП Комуналец – Кисела Вода Скопје

1.Се објавува Одлуката за трансфер на средства на ЈКП Комуналец – Кисела Вода Скопје, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

**Број 08-774/3**
**31.01.2013 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Марјан Ѓорчев с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и четвртата пленарна седница одржана на 30.01.2013 година, донесе

# О Д Л У К А

за трансфер на средства на ЈКП Комуналец–Кисела Вода Скопје

**Член 1**

Советот на општина Кисела Вода одобрува од Буџетот на општина Кисела Вода – Приограма А0, Совет на општина, ставка 464990 Други трансфери да се трансферираат финансиски средства на сметка на Јавното комунално претпријатие Комуналец-Кисела Вода Скопје чиј основач е општина Кисела Вода.

**Член 2**

Износот на финансиски средства кои ќе се трансферираат на ЈКП Комуналец-Кисела Вода Скопје изнесува 5.000.000,00 денари

**Член 3**

Финансиските средства кои ќе се трансферираат на ЈКП Комуналец-Кисела Вода Скопје ќе се наменат за тековно работење.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на Општина Кисела Вода да донесе решение за спроведување на оваа Одлука

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кисела Вода“.

**Број 07-543/3**
**30 јануари 2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Звонко Спасовски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Заклучок за усвојување на Информација за криминалитетот и другите недозволени однесувања на подрачјето на Полициска станица од општа надлежност ,,Драчево,, во 2012 година;..........................................................................................................................3

2. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кисела Вода со рамковен револвинг кредит за реконструкција на стари и изградба на нови улици и тротоари како и подобрување на уличното осветлување;..........................................................................5

3. Одлука за трансфер на средства на ЈКП Комуналец – Кисела Вода Скопје;...................7